Влада на Република Северна Македонија

<u>Н А Ц Р Т</u>

# З А П И С Н И К
од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година

Скопје, јануари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Гордана

Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација, Максим Ацевски, главен државен ревизор, Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Методија Ристоски, нотар.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на Записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година**

1. Информација за ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда, со прилог

2. Конечен извештај за извршена ИТ ревизија како ревизија на успешност „Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи“

3. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „ИТ ревизија на ефективноста на националниот портал за е-услуги“

4. Предог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и втора одлука)

5. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и петта одлука)

6. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (У бр.03-1094/1)

7. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-1075/1)

8. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-664/1)

9. Предлог-одлука за формирање на Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам

10. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2025 година

11. Информација за вкупно останата земјоделска површина која може да се наводнува со Фаза 2 - наводнување од проектот ХС Злетовица, со прилози

12. Предлог-одлука за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување на повеќенаменското подрачје „Јасен“-Скопје за 2025 година

13. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

14. Информација за отпочнување на процедура за обезбедување на заем од КФВ Развојната банка и заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), со државна гаранција за проектот Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3

15. Информација за престанување на важење на Одлуката бр.45-10145/1 од 28.12.2019 година, за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Илинден–корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје-1, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со Анекс договор бр. 2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Џери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л Милано дов бр.123/1 од 14.10.2015 година и бр.13-1712/1 од 28.12.2023 година, со текст на Анекс на договор бр.2 и Предлог-одлука

17. Информација во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип и ГРХ С.Р.Л. (GRH s.r.l) и Гианони фамили холдинг с.р.л, бр.13 - 1633/1 од 21.12.2022 година, со Предлог - одлука

18. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

19. Информација во врска со Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-1524/1 од 23.11.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана и преставувана од Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони како прва договорна страна, Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ Македонија ДООЕЛ Желино, како втора договорна страна и КИЕЛ интернационал ГМБХ & КО. Кг, Нердлинген, Германија, како трета договорна страна, со текст на Анекс на договор бр.1, прилози и Предлог – одлука

20. Информација во врска со Договорот за доделување државна помош склучен на 14.8.2020 година со ДПТУ Балканлар пластик производство ДООЕЛ увоз – извоз Скопје како втора договорна страна и ГИЗА Пластик гида амбалаж ве отомасион САН.ТИЦ.ЛТД.ШТИ како трета договорна страна, со прилози

21. Информација за обврската за намалување на процентот на електронски аукции во јавните набавки во 2025 година, согласно со Реформската агенда во рамки на Планот за раст

22. Информација за продажба на недвижни ствари во Струга, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

23. Информација за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со одржување на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 3.2.2025 година

25. Информација во врска со доставениот Нацрт-текст на Договор помеѓу Владата на Република Бугарија и Владата на Република Северна Македонија за подготовка, градење и експлоатација на прекугранични железнички тунел (долж Коридор 8), со Нацрт-текст на Договор

26. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изградени објекти со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, сточарство и трговија Јуниор НМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со прилози и Предлог-одлука

27. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – собирен кварц на локалитетот „Ветуница-Ранковце“, Општина Ранковце

28. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Ќојлија“, Општина Петровец

29. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Дризла“, Општина Студеничани

30. Информација за дефинирање на клучни учесници и измена на организациона структура на Комитетот за управување со проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window-NSW), со Предлог-одлука

31. Предлог на закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија

32. Информација за промена на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО – (Група на држави против корупција) на Советот на Европа, со Предлог-решение

33. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Станковска и други против Северна Македонија А.бр.11951/23 и 16 други апликации против Северна Македонија

34. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Димитров против Северна Македонија А.бр.24030/19, со Предлог-одлука

35. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Шапкароски и Каневче против Северна Македонија А.бр. 42520/17 и 50129/17, со Предлог-одлука

36. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Анастасовски против Северна Македонија А.бр.29573/21 и Стојановски против Северна Македонија А.бр.29592/21

37. Информација за имплементација на втората мерка за помош во рамките на Европскиот мировен фонд – ЕМФ во поддршка на градењето на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, со текст на Изјава

38. Информација во врска со можни решенија за експедитивно решавање на прашањето на престој и студирање по основ на мобилност од ЕРАЗМУС Програмата

39. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, со Нацрт-текст на Протокол

40. Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржина и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година

41. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО-Меѓународниот центар за безбедносна поддршка и обука за Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија

42. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникаци

43. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Сали Мурати

44. Предлог на закон за изменување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

45. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Моника Зајкова

46. Предлог на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците од слабата реколта на тутун, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

47. Предлог на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2025 година

49. Иницијатива доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, доставена под НП бр.854/24 од 25.10.2024 година, за потребата од изменување и дополнување на член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица

50. Иницијатива од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.242/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 6 во делот „особено доказот дека имотот го има државата, единица на локалната самоуправа, јавната установа, јавно претпријатие и друга јавна институција (исправа издадена од Републичката геодетска управа и сл.).“ од Уредбата за спроведување на постапката за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/00)

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Информација за извршена вонредна ревизија за утврдување на наменското трошење на финансиските средства на буџетот и работењето на Министерството за локална самоуправа во 2023 и 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и Акциски план за реализација на препораките на независниот ревизор

54. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“-Пробиштип, за периодот 1.7.2024 година до 30.9.2024 година

55. Тримесечен извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (јули-септември 2024 година)

56. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за третото тромесечие (од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година)

57. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година

58. Информација во врска со закупот на капацитет во ЛНГ Терминал Александрополис и закуп на преносни капацитети за гас

59. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година

60. Извештај за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2023 година

61. Извештај за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација, за период од јануари 2024 година до јули 2024 година

62. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2025 година

63. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2025 година, со Предлог-одлука

64. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2025 година

65. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2025 година

66. Информација за давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. – Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

67. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О.–Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

68. Информација за потпишување на Заедничката Изјава на државите сукцесори на поранешна СФРЈ за спроведување на проектот за дигитализација на Државна архивска граѓа на СФРЈ лоцирана во Архивот на Југославија (Arhiv Jugoslavije), со текст на Заедничка Изјава

69. Предлог-одлука  за утврдување на индикатори за определување на подрачја со специфични развојни потреби

70. Информација за задолжување на Развојна банка на Република Северна Македонија АД Скопје за кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва, со средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

71. Информација за изработка на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44), со прилози и Предлог – извештај

72. Информација за склучување на Договор за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџет на Република Северна Македонија, со текст на Предлог – договор

73. Информација за склучување на договор за регулирање на надомест со Развојната банка на Република Северна Македонија АД Скопје за реализација на проект/програма на Владата на Република Северна Македонија, со Анекс кон договорот за администрирање на кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки учеснички помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје и Договор за регулирање на надомест помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје

74. Информација за измена на динамиката за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје – прва фаза (усогласена со Министерството за финансии)

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четириесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда, со прилог и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда, со прилог и согласно укажувањата од Министерството за финансии изнесени при расправата на седницата заклучи во истата да се наведе дека претходно средствата од инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ) кои се користеле за кофинансирање на инвестициски проекти, се обезбедувале целосно во вид на заем до меѓународни финансиски институции и биле во форма на грант, а со воведувањето на инструментот од планот за раст една третина од тие средства ќе бидат во вид на заем од Европската комисија, а две третини во форма на грант.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да ја достави ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамките на Реформската агенда до Одделението за Инвестициска рамка за Западен Балкан при Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување.

## Точка 2

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ИТ ревизија како ревизија на успешност „Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација во соработка со Агенцијата за електронски комуникации и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ИТ ревизија како ревизија на успешност „Ефективност на преземените мерки на надлежните органи за заштита на критичните информациски системи“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да провери кои институции немаат постапено по предметниот ревизорски извештај, до истите да достави соодветно известување со насоки за постапување со цел истите да се усогласат со извештајот и во рок од две недели за ова да ја информира Владата.

## Точка 3

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „ИТ ревизија на ефективноста на националниот портал за е-услуги“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви Акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „ИТ ревизија на ефективноста на националниот портал за е-услуги“ и истиот да го достави за наредната седница на Влада, како и до Државниот завод за ревизија;

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да подготви и на наредната седница на Владата да достави информација, откако е спроведена реорганизацијата на вработените во постоечките канцеларии што нудат „Една точка на услуги“ односно електронски услуги преку Националниот портал за е-услуги, колку услуги по вработен се нудат, односно колку секој вработен во овие канцеларии секојдневно реализира електронски услуги, колку е цената на чинење по услуга и да се разгледа можноста да се зголеми бројот на електронски услуги кои се нудат преку Националниот портал за е-услуги.

Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и втора одлука).

Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и петта одлука).

Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (У бр.03-1094/1).

Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-1075/1).

Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.03-664/1).

Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам.

Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2025 година.

Точка 11

Владата ја разгледа Информацијата за вкупно останата земјоделска површина која може да се наводнува со Фаза 2 - наводнување од проектот ХС Злетовица, со прилози, ја усвои и го задолжи Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип да продолжи со активностите за реализација на повеќенаменскиот проект Хидросистем Злетовица.

## Точка 12

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за управување на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за 2025 година.

## Точка 13

Владата по Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје за 2025 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на процедура за обезбедување на заем од КФВ Развојната банка и заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), со државна гаранција за проектот Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во соработка со Министерството за финансии веднаш да подготви и достави барање до КФВ Развојната Банка и Европската Банка за обнова и развој за доделување на средства во вид на заеми, обезбедени со државна гаранција за финансирање на проектот Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3, со инсталирана моќност од 100MW во кругот на РЕК Битола, чија инвестициска вредност е 86.000.000 евра.

2. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје веднаш по добивање на позитивен одговор од КФВ Развојната Банка и Европската банка за обнова и развој да постапи согласно одредбите од Законот за јавен долг и да ја започне постапката за добивање на согласности за задолжување во износ до 86.000.000 евра, обезбедено со државна гаранција, за заемот од КФВ Развојната Банка и заемот од Европската банка за обнова и развој кои Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје има намера да ги обезбеди за финансирање на проектот Фотонапонска електроцентрала ФЕ Битола 3.

3. Се укажува на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје по добивањето на согласностите за задолжување со државна гаранција, наведени во заклучокот бр.2 во соработка со Министерството за финансии да ги започнат преговорите со КФВ Развојната Банка и Европската Банка за обнова и развој за склучување на договорите.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важење на Одлуката бр.45-10145/1 од 28.12.2019 година, за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Илинден–корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје-1, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство и услуги Кесслер Македонија ДООЕЛ Илинден–корисник на технолошка индустриска развојна зона Скопје-1.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр. 2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, како давател на државна помош, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување странски инвестиции, Цери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л Милано дов бр.123/1 од 14.10.2015 година и бр.13-1712/1 од 28.12.2023 година, со текст на Анекс на договор бр.2 и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Македонија, претставувана и застапувана од страна на министерот без ресор задолжен за привлекување на странски инвестиции, Цери Наумоф, Кондево МК ДОО Штип и „ГРХ“ с.р.л & Гианони фамили холдинг с.р.л Милано Дов.бр. 123/1 од 14.10.2015 година и бр.13-1712/1 од 28.12.2023 година.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип и ГРХ С.Р.Л. (GRH s.r.l) и Гианони фамили холдинг с.р.л, бр.13 - 1633/1 од 21.12.2022 година, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство Кондево МК ДОО Штип и Грх С.Р.Л (Grh S.R.L) и Гианони фамили холдинг с.р.л, бр.13-1633/1 од 21.12.2022 година.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за доделување на државна помош, склучен со Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија СК ДООЕЛ Скопје бр.13-1573/1 од 2.12.2022 година и бр.13-1158/1 од 1.8.2023 година.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-1524/1 од 23.11.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, како давател на државна помош, застапувана и преставувана од Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони како прва договорна страна, Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ Македонија ДООЕЛ Желино, како втора договорна страна и КИЕЛ интернационал ГМБХ & КО. Кг, Нердлинген, Германија, како трета договорна страна, со текст на Анекс на договор бр.1, прилози и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и преставувана од Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони, Друштвото за производство на внатрешни компоненти КИЕЛ Македонија ДООЕЛ Желино и КИЕЛ интернационал ГМБХ & КО. Кг, Нердлинген, Германија со бр.13-1524/1 од 23.11.2022 година.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за доделување државна помош склучен на 14.8.2020 година со ДПТУ Балканлар пластик производство ДООЕЛ увоз – извоз Скопје како втора договорна страна и ГИЗА пластик гида амбалаж ве отомасион САН.ТИЦ.ЛТД.ШТИ како трета договорна страна, со прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија во соработка со Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да преземе соодветни правни активности во насока на враќање на исплатената државна помош.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да подготви и до Владата да достави информација за исходот од преземените правни активности во насока на враќање на исплатената државна помош.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за обврската за намалување на процентот на електронски аукции во јавните набавки во 2025 година, согласно со Реформската агенда во рамки на Планот за раст и ги задолжи сите органи на државната управа, а им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, при спроведувањето на постапки за јавни набавки во 2025 година, да преземат мерки и активности за намалување на бројот на електронски аукции, согласно со предвидените реформи во Реформската агенда во рамки на Планот за раст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Струга, сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Струга.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп сопственост на Република Северна Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување  на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 3.2.2025 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 3.2.2025 година, односно да гласа како што е утврдено во заклучокот бр.3 од оваа информација.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да го извести Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените точки од Дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД

Процедурален дел:

1. Избор на работни тела на Собранието

а) Верификациона комисија од 3 члена

-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

б) 1 бројач на гласови.

-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на Собрание на акционери

-Во доставениот материјал за седницата дадена е Предлог-одлука за избор на претседавач на Собранието. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Донесување на одлука за задолжување на недвижен и движен имот и обезбедување со меници, во прилог

-Предлог-одлука за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот и обезбедување со меници/Да се гласа „ЗА“.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставениот Нацрт – текст на Договор помеѓу Владата на Република Бугарија и Владата на Република Северна Македонија за подготовка, градење и експлоатација на прекуграничен железнички тунел (долж Коридор 8), со Нацрт – текст на Договор, ја усвои Информацијата и формира работна група во следниот состав: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и Синиша Ивановски, директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, која да го разгледа Нацрт – текстот на Договорот помеѓу Владата на Република Бугарија и Владата на Република Северна Македонија за подготовка, градење и експлоатација на прекуграничен железнички тунел (долж Коридор 8) и да достави соодветен предлог во врска со ова прашање.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изградени објекти со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, сточарство и трговија Јуниор НМ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште врз кое има бесправно изградени објекти со непосредна спогодба.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – собирен кварц на локалитетот „Ветуница-Ранковце”, Општина Ранковце.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Ќојлија“, Општина Петровец.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Дризла“, Општина Студеничани.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за дефинирање на клучни учесници и измена на организациона структура на Комитетот за управување со проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window-NSW), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Комитетот за управување со проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window–NSW), со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за финансии-Царинска управа како носител и координатор на активностите поврзани со проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW), во рок од десет дена да ја формира Работната група за имплементација на проектот, со претставници од Министерството за финансии, Царинската управа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за

внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам-Управа за заштита на културното наследство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за транспорт и Министерството за дигитална трансформација.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинска управа, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство, Министерството за здравство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и туризам-Управа за заштита на културното наследство, Агенцијата за лекови и медицински средства, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за транспорт и Министерството за дигитална трансформација, да достават номинации за свои претставници до Министерството за финансии-Царинска управа, во рок од пет дена.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереник м-р Дајанчо Ефтимов, државен секретар во Министерството за правда.

## Точка 32

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за промена на шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО – (Група на држави против корупција) на Советот на Европа, со Предлог-решение, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Станковска и други против Северна Македонија А.бр.11951/23 и 16 други апликации против Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент, во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Станковска и други против Северна

Македонија А. бр. 11951/23 и 16 други апликации против Северна Македонија (како во табелата во прилог, составен дел на оваа информација).

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата, на 57 апликанти од предметите Станковска и други против Северна Македонија А.бр.11951/23 и 16 други апликации против Северна Македонија, ќе им исплати вкупен износ од 44.460 евра во денарска противвредност, или поединечно по апликација, односно по апликант-износот наведен во табелата во прилог составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантите во предметите Станковска и други против Северна Македонија А.бр.11951/23 и 16 други апликации против Северна Македонија да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите, да изрази еднострана декларација пред Европскиот суд за човекови права и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Димитров против Северна Македонија А.бр. 24030/19, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

Финансиските средства во вкупен износ од 1.972 евра во денарска противвредност, да бидат исплатени веднаш.

2. Се задолжува Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права да го извести апликантот, односно неговиот застапник дека може да го подигне одземеното појачало од магацинот на Агенцијата за управување со одземен имот во Тетово, согласно и врз основа на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Димитров против Северна Македонија, А.бр. 24030/19.

3. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да му го врати одземеното појачало Stereo Integrated Amplifier модел CS300XS на апликантот Бранислав Димитров и за тоа веднаш да го извести Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Шапкароски и Каневче против Северна Македонија А.бр. 42520/17 и 50129/17, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (финансиски средства во вкупен износ од 8.680 евра во денарска противвредност, кои треба веднаш да бидат исплатени).

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Анастасовски против Северна Македонија А.бр.29573/21 и Стојановски против Северна Македонија А.бр.29592/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметите Анастасовски против Северна Македонија А.бр. 29573/21 и Стојановски против Северна Македонија А.бр. 29592/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантите ќе им исплати вкупен износ од 3.500 евра во денарска противвредност, или поединечно на апликантот Игор Анастасовски, А.бр. 29573/21 износ од 1.750 евра и на апликантот Генчо Стојановски, А.бр. 29592/21 износ од 1.750 евра во денарска противвредност за нематеријална штета и трошоци.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за имплементација на втората мерка за помош во рамките на Европскиот мировен фонд – ЕМФ во поддршка на градењето на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија, со текст на Изјава, ја усвои и го овласти м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, да ја потпише Изјавата на Краен корисник за производи што треба да се обезбедат во рамките на Европскиот мировен фонд.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можни решенија за експедитивно решавање на прашањето на престој и студирање по основ на мобилност од ЕРАЗМУС Програмата и го задолжи Министерството за внатрешни работи да подготви Предлог на закон за изменување/дополнување на Законот за странци (*) и во третиот квартал на 2025 година да го достави до Владата.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, со Нацрт-текст на Протокол и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, како основа за водење на преговори.

3. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, како основа за водење на преговори, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, до Владата на Република Северна Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Литванија за спроведување на Спогодбата за преземање на лица кои престојуваат без дозвола.

## Точка 40

Владата го разгледа Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржина и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година, го усвои Извештајот и ги задолжи министерствата и другите органи на државната управа нацрт-стратешките планови за 2025-2027 година да ги усогласат со заклучните согледувања и препораки содржани во Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови на

министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година, со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 131/18) и истите да ги објават на нивните веб-страници, најдоцна до 15.2.2025 година.

## Точка 41

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија во НАТО-Меѓународниот центар за безбедносна поддршка и обука за Украина во Визбаден, Сојузна Република Германија.

## Точка 42

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

Истовремено, предлагачот во прилог на материјалот да достави потпишана Изјава за усогласеност на прописот со законодавство на Европската унија, согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и м-р Радослав Настасијевиќ Варџиски, заменик на министерот за дигитална трансформација, а за повереници Гордана Клинчарова, државен секретар во Министерството за дигитална трансформација и Љупка Ивановски, раководител на сектор во Министерството за дигитална трансформација.

## Точка 43

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Сали Мурати и притоа го утврди следново мислење:

Со предложените измени се овозможува формирање на посебна територијална противпожарна единица Врапчиште, која ќе овозможи побрзо и поефикасно реагирање во случај на пожари, подобра заштита на животот и имотот на граѓаните, зголемување на капацитетите за превенција од пожари како и унапредување на безбедноста во руралните и планинските области на општината.

Територијата на Општина Врапчиште, согласно член 5 став 4 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), е покриена со територијална противпожарна единица во Општина Гостивар.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година не се планирани финансиските средства по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Сали Мурати.

## Точка 44

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Во рамките на Министерството за правда, од страна на работна група е изготвена работна верзија на нов Предлог на Кривичен законик.

Меѓу другото, работната група следејќи ги препораките на Советот на Европа и Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција), во Предлогот на Кривичниот законик интервенираше во кривичното дело „Телесна повреда“ член 182, односно член 130 од постојниот Кривичен законик и кривичното гонење по предлог за кривичното дело „Телесна повреда“ при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жени или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, попреченост или бременост е избришано, така што, во работната верзија на Предлогот на новиот Кривичен законик се предлага истото да се гони по службена должност.

Согласно договореното на состанокот на билатералниот скрининг за Поглавје 23, по наведениот Предлог на закон ќе се произнесе и Европската комисија.

Со оглед на наведеното, а следејќи го принципот на целисходност, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

Имено, Владата смета дека заради конзистентност, оваа измена треба да биде направена со Предлогот на Кривичниот законик, кој согласно Развојната секторска стратегија за правосудство мерка 5.1.1 „Кодификација на казнените одредби во Кривичниот законик и негово усогласување со европските и меѓународните стандарди“ треба да биде донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија во IV квартал на 2025 година.

## Точка 45

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Моника Зајкова и притоа го утврди следното мислење:

Со донесувањето на Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22 и 64/24), меѓу останатите Директиви во националното законодавство се транспонираше и Директивата за споредливоста на надоместоците кои се однесуваат на платежните сметки, пренесување на платежните сметки и пристап до платежните сметки со основни функции (32014L0092).

Имено, со одредбите од членот 73 ставови (1) и (2) од Законот за платежни услуги и платни системи уредени се платежните услуги кои давателот на платежни услуги ги дава на корисниците на платежната сметка со основни функции, како и платежните услуги кои давателот на платежни услуги ги дава на потрошувачите кои имаат платежна сметка различна од платежната сметка со основни функции.

Во членот 74 од Законот за платежни услуги и платни системи се уредени висината на надоместоците во врска со платежната сметка со основни функции, посебните категории на потрошувачите кои припаѓаат на групата на корисници на одредени законски права на кои давателите на платежни услуги не им пресметуваат и не им наплатуваат надоместоци за дадените платежни услуги, висината на надоместоците за потрошувачите кои не користат платежна сметка со основни функции, како и висината на надоместоците за непочитување на обврските определени со рамковните договори.

Оттука, одредбите од членовите 73 и 74 од Законот за платежни услуги и платни системи се потполно усогласени со одредбите од членовите 17 и 18 од Директивата за споредливоста на надоместоците кои се однесуваат на платежните сметки, пренесување на платежните сметки и пристап до платежните сметки со основни функции (32014L0092).

Со оглед на тоа што членот 74 од Законот за платежни услуги и платни системи е потполно усогласен со одредбите од член 17 ставови (5) и (6) и со членот 18 од Директивата за споредливоста на надоместоците кои се однесуваат на платежните сметки, пренесување на платежните сметки и пристап до платежните сметки со основни функции (32014L0092), а предложените измени и дополнувања во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, по скратена постапка отстапуваат од одредбите на Директивата, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Предлогот на закон, со предлог Собранието да не го донесе Законот.

## Точка 46

Владата го разгледа Предлогот на закон за финансиска поддршка за намалување на последиците од слабата реколта на тутун, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија веќе има преземено мерки за финансиска поддршка на тутунопроизводството и тоа:

Финансиска поддршка на тутунопроизводството

Согласно член 79 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20 и 56/21) во Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/24, 198/24 и 228/24) беа предвидени три подмерки:

-1.14. Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2023 година (Висината на директните плаќања изнесува 80,00 денари по килограм за I-I класа, 70,00 денари по килограм за I-II класа, 60,00 денари по килограм за I-III класа, II-I класа од ориенталните дополнителни тутуни, од типовите Прилеп и Јака.

-1.22. Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.14. за вкупно откупениот ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2023 година (Висината на директните плаќања изнесува 20,00 денари по килограм за I-I класа, 20,00 денари по килограм за I-II класа, 20,00 денари по килограм за I-III класа, II-I класа од ориенталните дополнителни тутуни, од типовите Прилеп и Јака и се исплаќа доколку вкупната откупена и евидентирана количина на тутун во Информатичкиот систем за евиденција на тутун (ИСЕТ) не надминува количина од 15.000 тони.

Воедно, во истата програма тутунот е опфатен и со подмерката 1.1. Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите полјоделски култури, лековити, ароматични и зачински растенија (Висината на директни плаќања изнесува 6.000 денари по хектар).

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој од ИСЕТ системот презема податоци за 14.560 тутунопроизводители за откупени 14.762.560,86 кг суров тутун од реколта 2023 година од страна на 10 откупни претпријатија, со што беше утврдено дека откупената и евидентираната количина тутун не надминува 15.000 тони.

Во врска со реализацијата на финансиската поддршка за произведен и продаден тутун ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2023 година состојбата е следна:

По однос на подмерка 1.14. исплатени се 1.179.668.631,00 денари, за подмерка 1.22. исплатени се 294.916.086,00 денари или вкупно 1.474.584.717,00 денари.

За продадениот тутун од прва класа се исплати финансиска поддршка по 100,00 денари по килограм (80,00 + 20,00 денари), за втора класа 90,00 денари по килограм (70,00 + 20,00 денари), а за трета класа 80,00 денари по килограм (60,00 + 20,00 денари).

По однос на подмерка 1.1. барања поднесоа 4.327 лица за вкупна површина од 3.615 хектари за што се исплатени околу 21,6 милиони денари или заедно со финансиската поддршка по килограм тутун вкупно се исплатени 1.496.274.717,00 денари.

Откуп на тутун од реколта 2023

Откупот на тутун од реколта 2023 година започна согласно законски утврдениот рок на 15 декември од страна на 10-те откупни претпријатија. Според податоците внесени во електронскиот систем за евиденција на тутунот ИСЕТ од страна на откупните претпријатија од реколта 2023 година беа откупени вкупно 14.763 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 353,60 ден/кгр.

Од типот Јака се откупени околу 133 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 346,00 ден/кгр, а од типот Прилеп се откупени околу 14.630 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 353,70 ден/кгр.

Вкупно откупени количини на тутун во кгр. од реколта 2023 година споредено со реколта 2022 година, по класи

| Класа | реколта 2022 година, кгр. | Просечна цена по класи ден/кгр. | % учество на класата | реколта 2023 година, кгр. | Просечна цена по класи ден/кгр. | % учество на класата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I-I | 16.778.357,34 | 300,20 | 80,4% | 14.758.868,52 | 353,66 | 99,97% |
| I-II | 4.002.422,72 | 240,09 | 19,2% | 2.838,03 | 264,00 | 0,019% |
| I-III | 95.925,50 | 180,02 | 0,5% | 830,85 | 198,00 | 0,0056% |
| II-I | 3.059,41 | 100,04 | 0,05% | 29,46 | 110,00 | 0,00019% |
| Мувлив | 290,14 | 14,00 | 0,005% | 48,00 | 14,00 | 0,00032% |
| **ВКУПНО:** | **20.880.055,11** | | **100%** | **14.762.614,86** | | **100%** |

Извор:ИСЕТ-Информативен систем за евиденција на тутун

Според процентот на учество на класите тутунот од реколта 2023 година се откупувал во I-I класа и тоа околу 99,97% во вкупно откупената количина, а откупот во останатите класи е незначителен и изнесува околу 0,03% што укажува дека оваа реколта е со добар квалитет на тутунот и се постигна повисока просечна откупна цена. Во реколта 2022 година тутунот во I-I класа се откупувал околу 80,4%, а во останатите класи околу 19,6 %.

Воедно, се укажува дека просечната откупна цена за реколта 2023 година изнесуваше 353,63 ден./кгр. што претставува зголемување за 65,53 ден/кгр. (за +18,5%) во однос на реколта 2022 година (288,10 ден/кгр).

Повисоката откупна цена на тутунот од реколта 2023 година е одраз на повисокиот квалитет на тутунот во однос на реколта 2022 година, што може да се види според учеството на класите во вкупниот откуп, како и зголемување на откупните цени пред почетокот на откупот заради зголемување на трошоците за ѓубриво, нафта, репроматеријали и сл.

Со цел намалување на последиците предизвикани од слабата реколта на тутун, со предложениот закон се предлага финансиска поддршка на тутунопроизводителите, односно исплата на 100 денари по килограм предаден тутун за сите класи на тутун предаден кај регистриран откупувач. Потребните средства за оваа намена се предлага да се обезбедат од Буџетот на Влада на Република Северна Македонија за 2025 година, програма Д - Економски развој.

Согласно доставениот материјал, Предлогот на закон предизвикува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година кои не се проценети во Образецот за проценка на фискалните импликации и не се планирани со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлог на закон за дополнување на Законот за класифицирани информации, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Предложеното законско решение треба да се преоцени, со оглед дека со создавање на можност и пратениците без претходна безбедносна проверка да добијат безбедносен сертификат за пристап и користење на класифицирани информации од сите степени, се доведуваат во нерамноправна положба останати избрани и именувани функционери, како и вработени во државни институции на кои им е неопходно поседување на безбедносен сертификат, со цел извршување на службените работни задачи и активности.

За мерките, условите, критериумите, кои ги уредува Законот за класифицираните информации, а се однесуваат на пристапот до класифицирани информации и правата и обврските на корисниците на истите, надлежен е националниот авторитет - Дирекцијата за заштита на класифицираните информации.

Во смисла на образложението на предлогот, за неопходноста за непречено извршување на пратеничките надлежности во Собранието и неговите комисии, посебно од доменот на безбедноста, кога заради немање безбедносен сертификат настанува пролонгирање на работењето, истата е релевантна.

Дополнително, по однос на предлогот, предмет на разгледување може да биде и времетраењето на безбедносниот сертификат, во смисла на тоа како истото го предвидува одредбата „од денот на изборот до крајот на мандатот“ во контекст на тоа што согласно Деловникот на Собранието пратеничкиот мандат започнува по негова верификација и истиот може да престане пред истекот на предвидениот рок, согласно критериуми предвидени во Уставот, член 7 од Изборниот законик и членовите 56-59 од Деловникот.

Во однос на наведеното, а доколку се оцени за потребно заради поширока перспектива на согледување на проблематиката може да се побара од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации да изготви и компаративна анализа за законската регулатива во земјите членки на НАТО земјите членки на ЕУ по однос на ова прашање.

Во однос на предлогот за неспроведување на безбедносна проверка за пратениците, согласно законските утврдените критериуми, се смета дека преку процесот на безбедносни проверки се овозможува согледување на постоење или отсуство на безбедносен ризик или безбедносни пречки за одредено лице кое во иднина би постапувало и би имало увид во класифицирани информации.

Во таа смисла, се цени дека сериозниот пристап кон класифицираните информации, особено оние со највисок степен на безбедност, треба да опфати спроведување на процес на безбедносни проверки, кој ќе даде една дополнителна вредност на демократскиот систем и елиминирање на било какви идни предизвици во работењето на народните избраници.

Во однос на постапката за добивање на безбедносен сертификат за пратениците (особено за членовите во Комисијата за надзор над спроведување на мерки за следење на комуникациите, Комисијата за одбрана и безбедност, комисијата за надзор над работата на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање) од страна на органите надлежни за спроведување на безбедносна проверка може да се преземаат активности со цел приоритетно постапување во определен временски период, во насока истата да биде соодветна, релевантна и кредибилна.

**Точка 48**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2025 година и притоа го утврди следното мислење:

Финансискиот план е изготвен и доставен до Собранието на Република Северна Македонија согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 31/20 и 173/22), според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија финансиски план за наредната година.

Со Финансискиот план за 2025 година, вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата се планирани во ист обем, односно во износ од 136,8 милиони денари. Приходите за 2025 година се планира да се остварат главно од приходи од годишен надоместок за спроведување на супервизија, издавање на дозволи и лиценци и издавање на согласности. На расходната страна, најголемиот дел од расходите се расходи за плати и надоместоци на плати во износ од 73 милиони денари (или 53,3% од вкупните расходи). Најголемо зголемување на расходите има во ставката „други услуги“ кои се зголемуваат за 56,5% (или од планираните 12,2 милиони денари во 2024 година, на 19,2 милиони денари во 2025 година), што се должи на зголемување на потставката „одржување на софтвер“ во номинален износ од 8,2 милиони денари.

По однос на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, се укажува на потребата од преоценување на предвидената висина на ставката за „други услуги“, односно потставката „одржување на софтвер“.

По однос на останатиот дел од Финансискиот план, Владата нема забелешки.

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, доставена под НП бр.854/24 од 25.10.2024 година, за потребата од изменување и дополнување на член 2 став 1 од Законот за вработување на инвалидни лица и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Во врска со Иницијативата преку Канцеларијата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија којашто е доставена до Владата за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.103/21) со предлог за вклучување на лицата со аутистичен спектар на нарушување и лицата со други первазивни развојни растројства, како лица со инвалидност од член 2 од постојниот Закон, а се со цел овозможување на овие лица да имаат право на вработување и работење, согласно Законот.

Имено, во член 2 став 1, каде што се наведени лицата кои се инвалидни лица во смисла на овој закон, не се опфатени лицата со аутистичен спектар на нарушувања и лицата со други первазивни развојни растројства.

Согласно сознанијата од современите стручни истражувања и фактичката состојба со постојаниот пораст на стапката на овие лица во системот на образование и системот на здравствена и социјална заштита, а пред се земајќи ги предвид информациите за препреките со кои што истите се соочуваат на пазарот на трудот, се смета дека е позитивен исчекор истите да бидат опфатени со член 2 став 1 од Законот. Со тоа ќе им бидат достапни поволностите што ги нуди Законот и од него произлезените подзаконски акти, како за нив како вработени лица, така и за нивните потенцијални работодавачи.

Ова ќе доведе до нивно интегрирање и целосна инклузија на отворениот пазар на труд, препознавање на нивните вештини и потенцијали, подигање на нивото на социјалната адаптација, создавање услови за независност и подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Ваквата промена би имала ефект само доколку комисиите и институциите коишто се вклучени во процесите за проценка на утврдување на соодветно работно место, за обучување за работно место или директно во процесот на работење, активно бидат ангажирани во насочувањето на лицата околу изборот на образовниот профил, на работното оспособување и на потенцијалните работните места, согласно можностите и капацитетите на оваа категорија на лица, а во согласност со барањата на пазарот на трудот.

Истовремено, се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да подготви и во рок од 3 месеци до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, во насока на додавање на лицата со аутистичен спектар на нарушување, како и лицата со други первазивно развојни растројства, како инвалидни лица, а со цел остварување на правото на вработување и работа, согласно овој закон.

## Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата од Александар Наумовски од Битола, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.242/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 3 став 6 во делот „особено доказот дека имотот го има државата, единица на локалната самоуправа, јавната установа, јавно претпријатие и друга јавна институција (исправа издадена од Републичката геодетска управа и сл.)." од Уредбата за спроведување на постапката за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/00) и притоа го утврди следното мислење:

Неосновани се наводите во Иницијативата кои се однесуваат на причините поради кои се бара укинување на членот 3 став 6 во делот „особено доказот дека имотот го има државата, единица на локалната самоуправа, јавната установа, јавно претпријатие и друга јавна институција (исправа издадена од Републичката геодетска управа и сл.) од Уредбата за спроведување на постапката за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр.43/00).

Имено, самата Иницијатива е нејасна и неразбирлива имајќи предвид дека истата во ниту еден момент не дава оправдани причини за тоа зошто и на кој начин оспорената одредба од членот 3 став 6 (поконкретно горенаведениот дел од истата) е спротивна на Уставот и законите, пред се ако се има предвид дека со оспорената одредба се укажува на потребата од доставување на доказ видно од кој на посреден или непосреден начин може да се утврди дека имотот кој е предмет на барање за денационализација некогаш преминал во сопственост на државата.

Членот 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/98, 31/00, 42/03, 44/07, 72/10, 171/10, 55/13, 33/15 и 104/15) пропишува дека „Со овој закон се определуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата (во натамошниот текст: денационализација)".

Од самиот член 1 од Законот за денационализација јасно произлегува дека имотот кој може да биде предмет во постапка за денационализација треба да биде одземен во корист на државата, при што во натамошниот текст на Законот се уредуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест.

Членот 1-а од Законот пропишува дека „Се враќа имот, односно се дава надомест за имот на физички лица и на верски храмови, манастири и вакафи одземени по 2 август 1944 година":

1) врз основа на прописите со кои е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста;

2) врз основа на прописите за одземање на имот заради остварување на општокорисни цели, како и имот експроприран заради остварување на општо корисни цели, односно општ интерес ако не се исполнети условите за враќање на имотот според одредбите за експропријација и

3) без правна основа.

Членот 47 став 3 од Законот за денационализација пропишува кои докази се поднесуваат кон барањето за денационализација и тоа: актот за одземање на имотот, доказ за државјанство на Република Македонија стекнато до денот на влегување во сила на овој закон, доказ за сопственост на имотот ако од актот за одземање на имотот не може да се идентификува одземениот имот односно неговиот сопственик и тоа: - за недвижности - правото на сопственост се докажува со тапија, договор, пресуда и решение и - за движни предмети - писмени докази (договори за прибавување, фактури и пресуди).

Членот 3 од Уредбата го уредува начинот на доставување на барање за денационализација како и потребните прилози кон барањето кои барателите треба да ги доставаат за да може да се утврди основаноста на истото при постапувањето од страна на органот на денационализација.

Ставот 1 од членот 3 пропишува дека барањето за денационализација се поднесува во два примерока (обрасци).

Ставот 2, ставот 3 и ставот 4 пропишуваат кои докази се приложуваат кон барањето и во каква форма (оригинал или службено заверен препис).

Ставот 5 го уредува приложувањето на потребни докази при поднесување на барање за денационализација кога се работи за имот одземен во корист на државата без правна основа и на имот отстапен на државата со изјава на волја дадена под закана и присилба.

Ставот 6 го уредува приложувањето на потребни докази кога се работи за имот одземен без правна основа, како и кога одземањето на имотот е извршено врз основа на пропис, а притоа на поранешниот сопственик не бил доставен акт за одземање, или барателот нема акт за одземање, при што е пропишано дека во тие случаи покрај доказите од членот 47 став 3 од Законот за денационализација може да се приложи секој доказ од кој на непосреден или посреден начин се утврдува дека имотот бил одземен, особено доказот дека имотот го има државата, единица на локалната самоуправа, јавната установа, јавно претпријатие и друга јавна институција (исправа издадена од Републичката геодетска управа и сл.).

Членот 3 став 6 од Уредбата само го уредува спроведувањето на членот 47 од Законот за денационализација, при што во истиот се уредува постапувањето во ситуации кога се работи за имот одземен без правна основа (пропишано со членот 1-а став (1) точка 3 од Законот за денационализација), како и кога одземањето на имотот е извршено врз основа на пропис (пропишано со членот 1-а став (1) точка 1 и точка 2 од Законот за денационализација), а притоа на поранешниот сопственик не бил доставен акт за одземање, или барателот нема акт за одземање.

Имено, во тие ситуации каде што поранешниот сопственик или барателот не по своја вина или волја не располага со актот за одземање на Уредбата, пропишува дека може да се приложи секој доказ видно од кој на непосреден или посреден начин може да се утврди дека имотот го има државата, единица на локалната самоуправа, јавната установа, јавното претпријатие и друга јавна институција (исправа издадена од Републичката геодетска управа и сл.).

Наведеното е со цел практично спроведување на членот 47 од Законот за денационализација и во насока на заштита на правата на поранешните сопственици или барателите во постапката за денационализација, бидејќи во спротивно за секоја состојба каде што на поранешниот сопственик не бил доставен акт за одземање, или барателот нема акт за одземање не би можело да се докажува дали имало преминување на имотот на име на државата, што би довело до негативно

постапување по барањата за денационализација само заради тоа што барателот не може да приложи кон барањето акт за одземање на имотот иако истиот можеби и правно и фактички бил одземен од него или од поранешниот сопственик (правен претходник на барателот).

Оттука, сосема јасно произлегува дека оспорената одредба е во согласност со Законот за денационализација и само го овозможува спроведувањето на законот, при што во ниту еден момент не е спротивна со Уставот или другите законски прописи, особено што ниту задира во правата на сопственост на други лица ниту пак го намалува или ограничува истите во постапката за денационализација, туку напротив дава можност да се докаже одземањето на имотот и неговото преминување на име на државата.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата е во целост неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овој член од Уредбата.

## Точка 51

**1.** Владата го отповика Кристијан Михајлоски од должноста член на Надзорниот одбор  на Акционерскто друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ)АД Скопје.

**1.1.** Владата го избра Ријад Алими за член на Надзорниот одбор  на Акционерскто друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ)АД Скопје.

**2.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кои се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор  на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

**3.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот инспекторат за земјоделство.

**4.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државниот просветен инспекторат.

**5.** Владата го именува Никола Додов, досегашен вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој, на предлог на Управниот одбор на Фондот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**6.** Владата го именува Башким Бакиу досегашен вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар -Скопје, за вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар -Скопје.

**7.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација од должноста член на Советот на Институтот за стандардизација – претставник на основачот (Владата на Република Северна Македонија) да го разреши Рушан Хода, а за член да го именува Фатон Мустафи.

**8.** Владата го именува Теодор Шутаров за член на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, претставник од редот на вработените на Институтот.

**9.** Владата ја разреши Рихан Исмаили Исени од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата КОЗЛЕ -Скопје.

**10.** Владата го разреши Севдаир Азири од должноста член на Управниот одбор -претствник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Скопје.

**11.** Владата го разреши Љупчо Соколов од должноста член на Управниот одбор -претствник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Неготино.

**12.** Владата го разреши Бобан Малинов, од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Струмица, на негово барање.

**13.** Владата констатираше престанок на мандатот член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, на Радица Лазареска Геровска, на нејзино барање.

**13.1.** Владата ја именуваше Даниела Рискоска, за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, на предлог од министерот за правда, од редот на административните службеници со најмалку пет години работно искуство во Министерството за правда.

**14.** Владата заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да ги разреши Спасе Глигоров од должноста директор на Агенцијата за администрација и Агрон Сефери од должноста заменик на директорот на Агенцијата за администрација.

**15.** Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, заклучи на веб - страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб - страниците на јавните претпријатија, да се објави јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор во јавните претпријатија основани од Владата и тоа:

- 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје ц.о. ;
- 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје;
- 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми”-П.О. Скопје;
- 2 (два) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро –Берза – Скопје и
- 3 (три) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**16.** Владата ја задолжи Комисијата за селекција по објавениот Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор и членови на Надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на јавните претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија, формирана со решение на Владата на Република Северна Македонија од 16 октомври 2024 година, да ја спроведе постапката, согласно Законот за јавните претпријатија.

**17.** Владата го разреши Злате Симоновски од должноста член на Советодавниот одбор на Европа Ре.

**18.** Владата го именува Горан Здравковски, професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, за член на Советодавниот одбор на Европа Ре.

**19.** Владата го овласти Горан Здравковски за претставник на Република Северна Македонија во Акционерското собрание на Европа Ре, професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**20.** Владата го разреши Злате Симоновски од должноста член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност.

**20.1.** Владата ја именува Александра Дранговска професионално ангажиран член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, за член на Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност, предложен од Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**21.** Владата на Ивица Боцевски специјален претставник на Владата на Република Северна Македонија при унгарското претседателство на Советот на ЕвропскатаУнија, му утврди престанок на функцијата, заклучно со 31.1.2025 година.

**22.** Владата го разреши Газменд Рамадани од должноста вршител на должноста заменик директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**23.** Владата го именува Васко Станкоски за вршител на должноста заменик директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**<u>Точка 52</u>**

**1.** Владата, по повод одбележувањето на денот на раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев на 4.2.2025 година, ги донесе следните заклучоци:

1) Се определува делегација, во состав:
- проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и
- м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии,
да присуствуваат на положување цвеќе во Скопје, на 4.2.2025 година во 11 часот на гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев кој се наоѓа во црквата св. Спас во Скопје;

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди цветен аранжман и венци за свеченото положување на цвеќе и да обезбеди превоз за делегацијата на 4.2.2025 година.

3) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија-одделение за протокол, да подготви и испрати покани за положувањето на цвеќе, листа на гости и организациски подготовки за протоколарните делови.

4) Се задолжува Министерството за одбрана-Генералштаб на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи, како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази) на 4.2.2025 година во 11 часот во Скопје на гробот на македонскиот револуционер Гоце Делчев, кој се наоѓа во црквата св. Спас во Скопје.

5) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на локацијата на која што се чествува празникот.

6) Се задолжува Министерството за здравство да обезбеди амбулантно возило на локацијата на која што се чествува празникот.

7) Се задолжува Министерството за култура и туризам да обезбеди поддршка за културно-уметничката програма на настанот.

**2.** По повод укажувањето на д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, во врска со Изводокот од Седницата на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2025 година, донесен по Информацијата за назначување на Национална контакт точка, Национален координатор и за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Заклучокот бр. 3 од Точка 43, со кој се задолжуваат надлежните министерства во рок од 10 дена да достават номинации за членови и заменици членови на Националното координативно тело, Владата повторно ги задолжи:

- Министерството за социјална политика демографија и млади, Министерството за транспорт, Министерството за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии и Министерството за економија и труд, итно да достават номинации за членови и заменици членови на Националното координативно тело до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со цел Кабинетот да подготви и до Владата да достави предлог - решение за назначување на членови и заменици членови на Националното координативно тело.

**3.** Владата го разгледа Годишниот план за вработување за 2025 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како материјал за информирање.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за правда за престанување на важење на заклучок донесен по Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство, на седницата, одржана на 12 декември 2023 година, го прифати Барањето и заклучи да престане да важи делот од заклучокот со кој Министерството за правда, беше задолжено, во рок од една година да подготви „Водич за начин на постапување по предмети од областа на конфискација на имот во странство“.

**5.** Владата го разгледа Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2025 година – 30 јуни 2025 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година и заклучи:

1) Го прифати текстот на Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2025 година – 30 јуни 2025 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година.

2) Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2025 година – 30 јуни 2025 година, утврден согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3) Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Полугодишниот законодавен преглед на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2025 година – 30 јуни 2025 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истиот.

**6.** Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со загадувањето на воздухот во Републиката и заложбата на Владата за намалување на загадувањето, заклучи:

- Се укажува на општините (преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа) кои имаат организиран јавен превоз, доколку имаат потреба од еколошки автобуси за градски превоз, во рок од 10 дена до Министерството за транспорт и на e-mail адресата filip.koroveshovski@mtc.gov.mk да достават писмо за интерес и за добиените податоци Министерството за транспорт да ја информира Владата, на некоја од наредните седници, за потребата за набавка на еколошки автобуси и да се преземат сите потребни активности за започнување постапка за повеќегодишна јавна набавка на истите.

**7.** По повод укажувањето на Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во врска со Заклучокот од дваесеттата седница на Владата одржана на 17 септември 2024 година, согласно кој Агенцијата за стоковни резерви беше задолжена да ги усогласи подзаконските акти, согласно измените на Законот за стоковните резерви, Владата заклучи:

1) Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви на втората наредна седница да ја информира Владата за процесот на усогласување на подзаконските акти со Законот за стоковите резерви во кои ќе се предвиди оризовата арпа како стратешка култура и да се чува како стоковна резерва.

2) Се задолжува Агенцијата за стоковни резерви да ја разгледа можноста за модификација на системот за набавка на стоковните резерви во насока на олеснување на процедурата и за истото да ја информира Владата.

8. Владата во врска со Јавниот повик за изразување на интерес од страна на единиците на локална самоуправа за финансирање на проекти од Потпрограма АА,

заклучи Министерството за локална самоуправа заклучоците да ги усогласи со Министерството за финансии.

*

*     *

Владата на Република Северна Македонија, на Четирисет и шестата седница на Владата, одржана на 28 јануари 2025 година, во врска со Јавниот повик за изразување на интерес од страна на единиците на локална самоуправа за финансирање на проекти од Потпрограма АА, заклучи Министерството за локална самоуправа заклучоците да ги усогласи со Министерството за финансии.

Заклучоците се надминати со точка 2 - Информација за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на единиците на локалната самоуправа за 2025 година, усвоена на Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 февруари 2025 година.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за извршена вонредна ревизија за утврдување на наменското трошење на финансиските средства на буџетот и работењето на Министерството за локална самоуправа во 2023 и 2024 година, со Извештај на независниот ревизор и Акциски план за реализација на препораките на независниот ревизор, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица"-Пробиштип, за периодот 1.7.2024 година до 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 55**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиско работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (јули-септември 2024 година), како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта, за третото тромесечие (од 1 јули 2024 година до 30 септември 2024 година), како материјал за информирање, при што да се имаат предвид укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 57**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со закупот на капацитет во ЛНГ Терминал Александрополис и закуп на преносни капацитети за гас, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.4.2024 година до 30.6.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Извештајот за вршењето на работите од својот делокруг на Националниот совет за медијација, за период од јануари 2024 година до јули 2024 година, како материјал за информирање.

Исто така, потребно е да се именува национален координатор за медијација.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на затворската полиција за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии).

**Точка 63**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2025 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судската полиција за 2025 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на судските службеници за 2025 година.

**Точка 66**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање на согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. – Скопје за 2025 година, со Предлог – одлука, за наредната седница на Владата поради потребата истата да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О.–Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија Ц.О.–Скопје за 2025 година, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Заедничката Изјава на државите сукцесори на поранешна СФРЈ за спроведување на проектот за дигитализација на Државна архивска граѓа на СФРЈ лоцирана во Архивот на Југославија (Arhiv Jugoslavije), со текст на Заедничка Изјава и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Министеството за надворешни работи и надворешна трговија и Секретаријатот за законодавство:

1. Ја прифати Заедничката Изјава на државите сукцесори на поранешна СФРЈ за спроведување на проектот за дигитализација на Државна архивска граѓа на СФРЈ лоцирана во Архивот на Југославија (Arhiv Jugoslavije).

2. Се определува министерот за култура и туризам на Република Северна Македонија, Зоран Љутков, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Заедничката Изјава на државите сукцесори на поранешна СФРЈ за спроведување на проектот за дигитализација на Државна архивска граѓа на СФРЈ лоцирана во Архивот на Југославија (Arhiv Jugoslavije).

**Точка 69**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за утврдување на индикатори за определување на подрачја со специфични развојни потреби и условно ја донесе Одлуката, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење по истата.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Развојна банка на Република Северна Македонија АД Скопје за кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва, со средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Развојна банка на Република Северна Македонија АД Скопје за кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватните трговски друштва, со средства обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44), со прилози и Предлог – извештај и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за изработка на Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44), со прилози.

2. Го усвои Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44).

3. Се задолжува Зоран Љутков, министер за култура и туризам, во својство на претседател на Националната комисија на УНЕСКО на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за туризам и животна средина и Министерството за економија, култура и иновации на Република Албанија, да го достави Извештајот за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката на Комитетот за светско наследство (46 COM 7B.44), најдоцна до 1 февруари 2025 година до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија, со текст на Предлог – договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува операционализацијата на средствата од кредитната линија за финансирање на инвестициите и развојот на приватните трговски друштва, во износ од 250 милиони евра во денарска противвредност, под условите утврдени во Договорот за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. Се овластува министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за воспоставување на кредитна линија за финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на договор за регулирање на надомест со Развојната банка на Република Северна Македонија АД Скопје за реализација на проект/програма на Владата на Република Северна Македонија, со Анекс кон договорот за администрирање на кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки учеснички помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје и Договор за регулирање на надомест помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри користењето на дел од слободните парични средства од сметката бр.100000001135139 по Договор за администрирање на кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки-учеснички за плаќање на надоместок на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за управување/реализација на проект/програма на Владата на Република Северна Македонија, согласно Договорот за воспоставување на кредитна линија за

финансирање на инвестиции и развој на приватни трговски друштва со средства од Договорот за задолжување од Буџетот на Република Северна Македонија, склучен со Министерството за финансии.

2. Го овласти министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Анексот кон договорот за администрирање на кредитна линија за обртни средства за зголемени цени на енергенси преку банки учеснички помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

3. Го овласти министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за регулирање на надомест помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје.

Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамиката за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје – прва фаза (усогласена со Министерството за финансии) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за образование и наука за изградба на универзитетски објекти и партерно уредување за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје , прва фаза, во вкупен износ од 2.128.000.000 со вклучен ДДВ, со следнава динамика на плаќање и тоа: -162.875.000,00 денари со вклучен ДДВ за 2025 година - по 393.025.000,00 денари со вклучен ДДВ за 2026, 2027, 2028, 2029 и 2030 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |